# Изјава за непристрасност

КОНТРОЛ ЦЕРТ секој процес на сертификација го спроведува на начин со кој обезбедува висок степен на јавна доверба и верување дека се спроведува непристрасно.

- Одлуките кои ги донесува КОНТРОЛ ЦЕРТ се засноваат на објективни докази и на истите не влијаат други интереси или други страни.
- КОНТРОЛ ЦЕРТ обезбедува услуги на сертификација на сите заинтересирани корисници. Сите барања се третираат на ист начин, независно од тоа кој е подносител, географско подрачје, големина и за која цел ќе го користи сертификатот на КОНТРОЛ ЦЕРТ.
- КОНТРОЛ ЦЕРТ има финансиска стабилност која се бара за процесот на сертификација. Цените на сертификација се утврдуваат во согласност услугите на сертификацијата и цената се формира врз база на документот ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА СЕРТИФИКАЦИЈА, кој содржи јасни критериуми за примена.
- Во одлучувањето за сертификација не учествува лице кое вршело оценување.
- КОНТРОЛ ЦЕРТ не обезбедува консултански услуги за добивање и одржување на сертификација на свои клиенти .
- КОНТРОЛ ЦЕРТ има постапка за решавање на жалби и приговори.
- Закани заради личен интерес се отстрануваат на начин што персоналот не работи под никаков комерцијален, финансиски или друг притисок кој би можел да влијае на квалитетот на неговата работа. Надоместот за работата е утврден со Договорот за работа. Наградување на персоналот кој работи на активностите на сертификација не зависи од резултатот на оценување.
- КОНТРОЛ ЦЕРТ има воспоставено механизам за собирање на информации за консултански услуги кај своите клиенти. На тој начин КОНТРОЛ ЦЕРТ обезбедува дека за активностите на оценување не ангажира лице кое учествувало во консултански услуги.

- За обезбедување на непристрасност КОНТРОЛ ЦЕРТ изготвува Изјава за непристрасност за својот персонал и именува Комисија за непристрасност. КОНТРОЛ ЦЕРТ ја информира Комисијата за сите закани по непристрасност и препораките на истата ги смета за обврзувачки.

**КОНТРОЛ ЦЕРТ**

Даниел Трајковиќ